| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | УП за село Милетково, општина Гевгелија |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Иванов Инженеринг Скопје |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Министерство за транспорт и врски |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Натали Ташевска Гулевска бр. овл. 0.0094 |
| Назив на работното место | Планер |
| Контакт податоци за лицето | Ул. Мито Хаџивасилев Јасмин бр. 36-2/7, 1000 Скопје<br>телефон: 02/3232-315 |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Планскиот документ Урбанистички план за село Милетково, Општина Гевгелија е изработен согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл. Весник на РМ бр. 142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17). | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| Да √<br>Не | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| Подрачјето кое е предмет на разработка со овој урбанистички план претходно не бил предмет на истражување и планирање. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| Да, просторно и урбанистичко планирање и користење на земјиштето. | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| Да<br>Не √ | Член:/ | Точка:/ | Алинеја:/ |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Не. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Не. | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |

Според заклучоците од анализата на постојната состојба, Планската програма и поставките и насоките дадени со Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на РМ, можностите за просторен развој треба да се движат во следните насоки:

- Усогласување на УПС со поставките на Просторниот план на РМ дефинирани во Условите за планирање на просторот;
- Рационално искористување на градежното земјиште;
- Дефинирање на единици на градежно земјиште со урбанистички параметри во согласност со намената, просторните можности на теренот и планскиот концепт;
- Дефинирање на сообраќајната мрежа и нејзино оптимизирање, како и на сообраќајот во мирување (паркирање и гаражирање);
- Оптимално димензионирање и доизградба на водоводна инфраструктра;
- Оптимално димензионирање и изградба на канализациона фекална и атмосферска инфраструктура;
- Оптимално димензионирање и изградба на електро-енергетската инфраструктура;
- Оптимално димензионирање и изградба на телекомуникациската инфраструктура;
- Дефинирање на заштитни коридори на инфраструктурните водови;
- Рационално користење на земјиштето и градбите со имплементација на услови за заштита и спасување и заштита на животната средина.

Евидентираните состојби на теренот и начинот на реализација на постоечкиот градежен фонд укажуваат на густа изграденост на градежниот фонд и пристапите кои не се во целост вклопени во правилничките нормативи согласно важечката законска регулатива, па инкорпорирањето на постоечките состојби претставува дополнителен предизвик во планирањето и детерминирањето на условите за просторен развој на предметниот плански опфат.

Проекцијата на потребниот станбен простор во планскиот период треба да се засонова на нормативите зацртани во ППРМ и тоа: 20-25м²/жител станбена површина, 40-80м²/стан (оптимална големина), 100% опременост на станот со инсталации и потполно елминирање, односно замена на субстандарниот станбен фонд.

При организација на јавните функции за село Милетково, појдовен елемент претставува постојната мрежа на јавнии функции под претпоставка дека идниот развој на овие функции ќе биде во согласност со економските, институционалните и други промени кои се во тек. Битна алатка во креирањето на развојните насоки на селото Милетково претставуваат и демографските показатели, односно, планираниот број на жители и минималните површини кои треба да се обезбедат за непречено одвивање на животот и работата на сите корисници на просторот во планскиот период.

Урбанистичкиот план со доследна примена на актуелната законска и подзаконска регулатива, треба да предложи развој што ќе овозможи подобар степен на искористеност на градежното земјиште и подобра комунална инфраструктура, како и непречена реализација на планските одредби.

**Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Предмет на планскиот документ е планирање на просторот.

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

| |
|---|
| 2017 година. |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| 10 години. |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Планскиот опфат се наоѓа во КО Милетково во Општина Гевгелија. Главната сообраќајна поврзаност на селото е преку регионалниот пат Р1102 (делница Демир Капија - Гевгелија).<br>Од најсеверната точка на планскиот опфат, границата се движи кој југоисток и се совпаѓа со источните граници на КП 62/1, КП 62/2, КП 62/3, КП 61, КП 59, КП 21, КП 843, КП 91/2, КП 91/1, минува низ КП 93, се совпаѓа со источните граници на КП 94, КП 107, КП 108, КП 109, КП 110, КП 111, КП 112, КП 168, минува низ КП 841 и КП 846, се совпаѓа со источните граници на КП 113, КП 114, КП 115, КП 116, КП 117, КП 123, КП 124 и КП 125 и тука стигнува до најисточната точка на планскиот опфат.<br>Од најисточната точка на планскиот опфат, границата на планскиот опфат продолжува кон југ движејќи се по источната граница на КП 125, минува низ КП 126, се совпаѓа со источната граница на КП 128, минува низ КП 127, се совпаѓа со источната и јужната граница на КП 437, свртува кон запад совпаѓајчи се со јужните граници на КП 434, КП 433, КП 432, КП 431/1, КП 429/4, КП 429/3, КП 429/2 минува низ КП 793, се совпаѓа со јужните граници на КП 426, КП 425, КП 410/2, КП 410/1, се движи по западната граница на КП 410/1, се совпаѓа со јужните граници на КП 404, КП 403, КП 402, КП 401, минува низ КП 400, се движи по нејзината југозападна граница, се движи по југоисточната граница на КП 841, минува низ КП 148, се совпаѓа со јужната граница на КП 847, минува низ КП 1/7, се совпаѓа со јужните граници на КП 800 и КП 801, се совпаѓа со југоисточната и југозападната граница на КП 802 и тука стасува до најјужната точка на планскиот опфат.<br>Од најјужната точка на планскиот опфат, граница се движи кон север совпаѓајќи се со југозападнта и западната граница на КП 802, се совпаѓа со јузападните граници на КП 804/2 и КП 804/1, скршнува кон североисток по северозападната граница на КП 804/1, се движи кон запад по јужната граница на КП 377, минува низ КП 840, се движи кон север совпаѓајќи се со западната граница на КП 840 и КП 258, се движи кон запад совпаѓајќи се со јужната граница на КП 260 и југозападната граница на КП 259, се движи во северен правец и минува низ КП 843, КП 282 и КП 288 и движејќи се по нејзината западна граница стигнува до најзападната точка на планскиот опфат.<br>Од најзападната точка на планскиот опфат, границата продолжува да се движи кон север по западната граница на КП 287, свртува кон исток совпаѓајќи се со северните граници на КП 287, КП 285, КП 247, КП 246 скршнува кон север минувајќи низ КП 21, свртува кон исток совпаѓајќи се со северните граници на КП 44 и КП 45, се движи кон североисток минувајќи низ КП 21, се совпаѓа со западната граница на КП 48, КП 51, КП 53, КП 56, КП 61, КП 62/3, КП 62/2 и КП 62/1 и тука границата стигнува до најсеверната точка на планскиот опфат.<br>Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници изнесува 57,06 ха. |






| |
|---|
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да √<br>Не |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| |

| |
|---|
| Да ☐<br>Не √ |

| | |
|---|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)** | |
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**<br>Несоодветното управување со генерираниот отпад, отпадните води, влијанија врз амбиенталниот воздух. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;** | Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата;** | Нема. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);** | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи и хаварии. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).** | Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 година, во општината Гевгелија регистрирани се вкупно 22.988 жители од кои околу 48,8% ја сочинуваат расположивата работна сила, категорија посебно значајна за развојот на стопанските активности во ова подрачје.<br>Планскиот опфат има 117 жители. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал** | |

| | |
|---|---|
| **планскиот документ како што се:** | |
| Позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** | |
| Областа со реализација на планскиот опфат ќе добие зголемена вредност. Планскиот концепт е поставен врз основа на анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој и Планската програма. Планскиот концепт е во директна зависност од создадените и природните фактори, композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е принципот врз кој се базира планскиот концепт.<br>Целта на планскиот концепт е да се изврши хармонизација на просторните чинители во единствен препознатлив амбиент со дефинирани функции, односно наменски употреби на земјиштето. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>На подрачјето кое е предмет на анализа не постои регистрирано културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Нема гранични вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Од истражувањето на постојната состојба и увидот на терен, констатирано е дека 50.13 % е градежно изградено земјиште, додека останатиот дел од планскиот опфат го сочинуваат комунална инфраструктура и неизградено земјиште.<br>Покрај објекти за домување, во рамки на селото има реализирано и објекти за задоволување на основните потреби на населението, како што се основно училиште, продавници, верски објект - црква, гробишта, простор за спорт и рекреација.<br>Начинот на употреба на земјиштето е обележан со следните класи на намени, односно поединачните намени на градбите: |

| | |
|---|---|
| | • А1 - домување во станбени куќи (со селско стопански двор)<br>• Б1 – мали и комерцијални дејности<br>• В1 - образование и наука<br>• В5 – верски институции<br>• Г4 – стоваришта;<br>• Д3 - спорт и рекреација;<br>• Д4 - меморијални простори (гробишта); и<br>• Н3 - неизградено земјиште.<br>Во однос на катноста, објектите се претежно приземни, а највисоките се до П+2+Пк (приземје, два ката и поткровје). |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Просторот нема посебни пејсажни вредности. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**
Со донесувањето на овој план ќе следат и поголеми странски и домашни инвестиции од различни сфери од економијата. Со Урбанистичкиот план се создаваат предуслови за развој на локалната економија и ефектуирање на даночната обврска на сопствениците за плаќање данок на имот што претставува значаен извор на приход на локалната самоуправа.
Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нивна надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани.

| |
|---|
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br>Во близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти. |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**<br>**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**<br>Имплементацијата на планската содржина предвидена со планот со контролирани емисии во медиумите од животната средина ќе допринесе за стопански развој во општина Гевгелија, од аспект на приходи од комунални такси и даноци, зголемено вработување и намалување на невработеноста и сл. Но, од аспект на животната средина во оперативната фаза може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно:<br>Воздух: зголемена фрекфенција на возила;<br>Бучава: зголемено ниво на бучава од превозните средства, а исто така и од работните активности кои ќе се изведуваат;<br>Вода: на предметната локација ќе се генерираат санитарни и атмосферски отпадни води;<br>Почва: несоодветното управување со емисиите во воздух, отпад и отпадни води генерирани во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата;<br>Природно наследство: во близина на предметната локација нема заштитени добра;<br>Културно наследство: на предметната локација нема регистрирано споменици на културата;<br>Пејсаж: планскиот опфат не располага со карактеристичен природен пејсаж;<br>Транспорт: зголемена фрекфенција на возила;<br>Отпад: генерирање на отпад.<br>Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:<br>- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;<br>- Допринос во локалната и национална економија. |

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**

Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен развој при истовремена заштита на животната средина.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање издадено е Решение за Услови за планирање на просторот (бр. УП1-15 489/2017 од 06.04.2017). Условите за планирање на просторот, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. Y06717 се составен дел на Решението и содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повиоко ниво кои претставуваат извод од Просторниот план на Република Македонија:

- ЛЕР Гевгелија 2011;
- Стратегија за управување со води во РМ 2008-2020;
- Национален план за управување со отпад;
- Национална стратегија за економски развој на РМ 1998;
- Национална стратегија за одржлив развој;
- Втор национален еколошки акционен план на РМ;
- Стратегија за демографски развој на РМ;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;
- Стратегија за мониторинг на животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Нема спроведено претходна оценка.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во**

**предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |

| | |
|---|---|
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **Градоначалник**<br>**м-р. Сашо Поцков** |
| **Бр.** 11-2/10<br>**Датум** 10.10.2018 год.<br>**Место** Општина Гевгелија | М.П. |